Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-127/5
29-06-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 127 од 22.02.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје, за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 29.06.2022 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 - 127 од 22.02.2022 година, поднесена [redacted] од Скопје **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 22.02.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted]

Од причина што претставката не содржеше доволно адреса за лицето против кое беше поднесена, на 30.03.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката заведена под број 08-81/6. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока што ќе приложи информации во однос на адресата на живеење за лицето против кого се однесува претставката.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Подносителот на претставката во предвидениот законски рок не ја доуреди претставката, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
29.06.2022

Член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk